UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

4

# ОКТ 2020




## НАСЛОВИ

**Уводник:** Новата Рамка за соработка за одржлив развој 2021 -2025 стр 1

**КОВИД-19:** Рамка за резултати, анализа на влијанието, одговор од ОН стр 2

**РОСР:** На Денот на ОН потпишана новата Рамка за соработка стр 3

**Во фокус:** КОВИД-19 – предизвици и можности стр 4

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### СЕПТЕМВРИ

**30** септември, UNODC остварија средба со новиот заменик претседател на Владата за корупција, криминал, одржлив развој и човекови права со цел натамошен развој на програмските активности во Северна Македонија.

### ОКТОМВРИ

**4** УНХЦР тимот Трчаме за бегалците и понатаму дава пример за солидарност преку поддршка на натпреварувачите и Скопскиот маратон.

**5** на Светскиот ден на наставниците, Министерството за образование и наука и УНИЦЕФ ја започнаа кампањата Им благодариме на наставниците за да се даде признание на наставниците за нивната клучна улога за обезбедување квалитетно образование.

**14 -17** со слоганот Џез за солидарност со бегалците и во партнерство со УНХЦР, 39-от Скопски џез фестивал испрати силна порака за #солидарностсобегалците

**15** На Светскиот ден на миење раце, УНИЦЕФ сподели видео пораки за промовирање на темата.

**16** се одбележа Светскиот ден на храната и 75 годишнината на ФАО со мотото '„Одгледувај, негувај, одржувај, заедно – нашите активности се наша иднина".

### НОЕМВРИ

**2-4** 32та сесија на ФАО Регионална конференција за Европа ќе се одржи виртуелно, со акцент на одржливи системи за храна и здрава исхрана.

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од Постојаниот координатор на ОН

Финализирањето и потпишувањето на Рамката за одржлив развој и соработка (РОРС) на Обединетите нации за Северна Македонија за 2021-2025 во септември претставува важна одредница, каде е отсликана заедничката заложба на развојниот систем на ОН за земјата за да се одговори на приоритетите и јазовите за Целите за одржлив развој (ЦОР).

Оваа заедничка заложба на ОН и на Владата за граѓаните на Северна Македонија, особено за најмаргинализираните и ранливите, се случува во време на предизвици. Имплементацијата на Агендата за одржлив развој до 2030 е во голема мера засегната од пандемијата со КОВИД-19 и реализацијата на ЦОР до 2030 е изложена на ризик. Декадата на акција, која Генералниот секретар ја објави кон крајот на минатата година, повикува на заедничко дејствување за да се забрзаат одржливите решенија за најголемите предизвици во светот. Брзата и ефективна мобилизација на сите сектори во општеството е сега поважна од било кога претходно.

Врз основа на споделената визија со Владата и користејќи широки консултации со чинителите, ОН ќе се насочи на три стратешки приоритети во Северна Македонија во следните години: (1) одржлив и инклузивен економски и социјален развој; (2) климатска акција, упрвување со природните ресурси и ризик од непогоди; и (3) транспарентно и отчетно демократско управување.

Изборот на овие приоритети се должи на нивниот трансформативен ефект; потенцијалот да им се помага на групите кои и понатаму заостануваат – и тоа во однос на бројот на луѓе кои треба да бидат опфатени, големината на промените и географскиот опфат; временската сензитивност и можноста да се одговори со неопходниот степен на заложби и ресурси; дали истите спаѓаат во рамки на мандатот на ОН и каде можеме да обезбедиме дополнителна вредност.

Нашиот придонес кон постигнување на овие приоритети ќе се формулира во однос на четири општи исходи, односно: подобрување на **животниот стандард** на сите луѓе во Република Северна Македонија преку еднаков пристап до достоинствена работа, продуктивно вработување, и инклузивен деловен екосистем во рамки на **исходот 1;** постигнување универзален пристап до квалитетни услуги за здравствена заштита, образование, социјална и детска заштитаа во рамки на **исходот 2;** забрзување и јакнење на климатската акција и подобрено одржливо управување со природните ресурси и биодиверзитетот – преку зајакнато еколошко управување и резилиентност на непогоди во рамки на **исходот 3;** и поддршка за подобрување на владеењето на правото, јакнење на процесите за креирање политики, и институционално јакнење за подобра поставеност и испорака на јавните услуги, во рамки на **исходот 4**. Сите програми ќе ја унапредуваат родовата еднаквост, граѓанското учество на младите луѓе, градењето доверба, социјалниот дијалог, еднаквиот третман на сите, и еднаквите можности за сите за да ги остваруваат своите човекови права и целосен потенцијал.



Луѓето не се пасивни приматели на услуги, туку агенти на промени, и тоа ќе биде еден од клучните принципи по кој ќе се предводиме во нашиот ангажман. Интервнециите на ОН ќе ја поддржат општествената трансформација за поактивен и поодговорен индивидуален пристап и пристап во заедницата со цел одржлив и инклузивен развој. Во сите програми ќе се опфатат социјалните норми, ставови и верувања кои создаваат пречки за промена. Нашиот клучен сеопфатен принцип ќе биде никој да не заостане. Нашата цел ќе биде со овие активности да опфатиме повеќе ранливи групи и да го подобриме нивниот живот.

ОН очекува и понатаму тесно да соработува со Владата и со сите партнери во имплементацијата на РОРС во полза на сите луѓе во земјата за просперитетна, инклузивна и резилиентна Северна Македонија.

**Росана Дуџак**
UN Resident Coordinator in North Macedonia

# ОДГОВОР НА КОВИД-19 Рамка за одговор, анализа на влијание

## РАМКА за одговор на КОВИД-19

Како продолжение на имплементацијата на РДО во Северна Македонија и со финансиска поддршка од Британската амбасада, ОН започна да работи на целосна разработка и анализа на трошоците за мерките за политики кои се избрани од препораките во РДО како најрелевантни и остварливи во сегашниот контекст. Мерките ќе бидат дискутирани со националните соработници и тоа потенцијално ќе се вклучи како влезна информација во рамки на процесот на буџетирањето и креирањето политики.

Тука спаѓаат мерки со цел да се искорени ширењето на корона вирусот и зголемување на квалитетот на здравствените услуги ([1] зголемување на капацитетот на јавното здравство; [2] зголемен пристап до колективно финансирано платено боледување, придонеси при боледување, родителско отсуство и отсуство поради нега); мерки за подобрување на образованието за време на пандемија ([3] создавање безбеден простор за образование во училиштата); мерки за заштита на последиците по приходите ([4] времен основен приход; [5] проширување на бенефициите за невработеност, вклучително и субвенции за повторно вработување; [6] обезбедување социјални услуги кои се поврзани со економијата за згрижување; [7] проширување на програмата за работа во заедницата; и мерки за задржување на работните места ([8] мерката „14.934 денари по вработен со субвенции за повторно вработување" и [9] грантови за стартапи основани од жени и за постоечки микро, мали и средни претпријатија со кои раководат жени). Целосниот документ за политики ќе биде објавен на www.un.mk откако ќе завршат консултациите со националните соработници и ќе бидат вклучени нивните повратни информации.

## Оценки и анализи на влијанијата

Агенциите на ОН и понатаму ќе даваат поддршка за РДО на Ковид-19 преку конкретни и детални анализи кои ќе бидат насочени кон проблемите кои спаѓаат во нивната соодветна област на експертиза.

Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) разработи сеопфатна и холистичка Програма за давање одговор на КОВИД-19 и закрепнување која има за цел проактивно и одржливо да се одговори на социо-економските влијанија од пандемијата во секторот храна и земјоделие. Во Програмата се идентификувани шест приоритетни области за заедничко дејствување со цел да се заштити развојот и резилиентноста на секторот за храна и земјоделие, односно:

1) Обезбедување квалитетни податоци и анализи за да се даде ефективна поддршка за политиките за системите за храна и нулта-глад);
2) Одговор на КОВИД-19 со акцент на сиромашните со цел инклузивно заздравување на економијата по пандемијата;
3) Олеснување и забрзување на трговијата со храна и земјоделие за време на пандемијата со КОВИД-19 и понатаму;
4) Заштита и поттикнување на резилиентноста на малите фарми за нивно закрепнување;
5) Превенција на следна пандемија со зоонози;
6) Трансформација на системите за храна.

UN Women ја поддржаа Рапидната родова проценка: Влијанијата на КОВИД-19 врз жените и мажите во Северна Македонија во рамки на проектот за унапредување на родово-одговорни политики и буџети, финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (СИДА).

### LATEST EPIDEMIOLOGICAL DATA (3 Nov 2020)

**32,436** CONFIRMED COVID-19 CASES

**1,004** COVID-19-RELATED FATALITIES

**15,568** CONFIRMED CASES PER 1,000,000 PEOPLE

**482** FATALITIES PER 1,000,000 PEOPLE

Daily new cases reported




For latest data see covid19.who.int/region/euro/country/mk

## Поддршка при давањето директен одговор

ОН и понатаму дава директна поддршка во одговорот на КОВИД-19 во Северна Македонија на различни нивоа. Дел од примерите за таквата поддршка во октомври се:

УНИЦЕФ на 8 октомври организираше вебинар за запознавање со алатката за само-проценка WASH, наменета за училиштата. На вебинарот кој беше поддржан од Министерството за образование и наука, и презентиран од страна на Институтот за јавно здравје, присуствуваа 54 учесници од училиштата и општините кои имаа можност да научат како се користи алатката. Вебинарот го отвори министерот за образование и наука, како институционална поддршка за имплементација на алатката која сега е задолжителна за сите училишта во земјата. Онлајн алатката за само-проценка WASH е изработена од страна на УНИЦЕФ и истата е интегрирана во постоечката алатка на Институтот за јавно здравје и во националниот протокол за повторно оворање на училиштата за време на пандемијата со КОВИД-19. Алатката нуди и систем за одржлива соработка помеѓу клучните државни институции во врска со WASH во училиштата, односно соработка меѓу училиштата, општините, Министерството за образование и наука преку Државниот просветен инспекторат и Институтот за јавно здравје.

Со финансиска поддршка од City Experiment Fund, УНДП започна процес на изработка на портфолиа за развој и тестирање на иновативни и експериментални решенија за да се поддржи процесот на закрепнување од КОВИД-19 во Скопје преку зелен, инклузивен и резилентен локален економски развој.

Над 120 учесници од Министерството за внатрешни работи и компаниите за продажба на оружје беа обучени за користење на надградениот Софтвер за регистрација на оружје и управување со залихите во рамки на модулот за обука на УНДП. Обуката е од клучна важност за соодветната регистрација на огненото оружје во Северна Македонија.

## АСПЕКТИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО КОВИД-19

УНЕСКО организираше средба за оценка на влијанијата од борбата против незаконската трговија со културно наследство во Венеција, Италија, од 20-21 октомври 2020 за да се оцени регионалната соработка во борбата против незаконската трговија со културно наследство во Југоисточна Европа, вклучително и Северна Македонија. Средбата беше организирана во рамки на програмата која ја има изработено Регионално биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа во соработка со Италијанските Карабињери- Оддел за заштита на културното наследство, со посебен акцент на јакнење на соработката помеѓу релевантите чинители од институциите.

Над 120 учесници од Министерството за внатрешни работи и компаниите за продажба на оружје беа обучени за користење на надградениот Софтвер за регистрација на оружје и управување со залихите во рамки на модулот за обука на УНДП. Обуката е од клучна важност за соодветната регистрација на огненото оружје во Северна Македонија.

УНДП ја отвори првата Акцелератор лабораторија во Северна Македонија – со тим од тројца членови кои ќе ја поддржуваат канцеларијата во земјата за изработка на иновативни развојни решенија за забрзан напредок во спроведувањето на Агендата 2030. Лабораторијата ќе работи во рамки на глобалната мрежа за учење на УНДП составена од 90 Акцелератор лаборатории, кои даваат поддршка во 114 земји.

UN Women поддржа неколку иницијативи во овој период:

UN Women во Северна Македонија го поддржа Министерството за одбрана во изработката на стратешката рамка за вториот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1325. UN Women исто така дава поддршка и за развојот на оперативните планови за НАП.

На Меѓународниот ден на руралните жени, 15 октомври, UN Women ја поддржа средбата на работната група за родова еднаквост и јакнење на жените за да се дискутира за вклучување на родовите прашања во стратешките политики и програми на министерството.

Во истата прилика и во рамки на регионалниот проект на UN Women за ставање крај на насилството врз жените, канцеларијата на UN Women во Северна Македонија даде свој придонес за вебинарот: Интерсекциски решенија за елиминација на насилството врз жените и девојчињата од руралните области, преку прикажување на примери од работата на прифатилиштето за заштита на жени кои преживеале семејно насилство во Струмица и околните села.

УНИЦЕФ: Во новиот извештај Занемарена трагедија: Глобалното оптоварување од мртвородените деца, Северна Македонија се вбројува меѓу земјите каде има најголемо опаѓање на стапката на мртвородени деца (62) во периодот од 2000 и 2019, како и земја со најдобри резултати во Европа, Северна Америка и Нов Зеланд. Стапката на мртвородени деца во земјата опадна од 10.8 мртвородени на 1,000 раѓања во 2000 на 6.2 во 2009 и 4.1 во 2019.

# НИКОЈ ДА НЕ ЗАОСТАНЕ Рамка за соработка за одржлив развој

## Потпишана РОРС на ОН за 2021-2025

На денот кога Обединетите нации (ОН) ја одбележуваат 75- годишнината од Повелбата на ОН, министерот за надворешни работи, Бујар Османи, и постојаната координаторка на ОН во Северна Македонија, Розана Дуциак, ја потпишаа Рамката за одржлив развој и соработка (РОРС) за Северна Македонија за периодот од 2021–2025.

РОРС на ОН е клучен стратешки документ со кој ќе се предводи работата на сите агенции на ОН кои работат во земјата во следните пет години. Рамката е изработена во тесна соработка со Владата, по опсежен процес на консултации со организации и поединци од сите сфери на живеењето.

## ПРЕТСТАВЕНА НОВАТА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА НА ОН

За да се зголеми видливоста за работата на семејството на агенции на ОН во земјата, новата интернет страницата на тимот на ОН во земјата беше објавена на Денот на ОН. Новата интернет страница интегрира неколку платформи за споделување информации во рамки на системот на ОН, коешто овозможува поголем пристап до подобро структурирани и ажурирани информации на агенциите, фондовите и програмите на ОН кои се активни во Северна Македонија.

Покрај информациите за членовите на тимот на ОН во земјата, новата интернет страница ги содржи сите неопходни податоци за контакт и линкови до сите агенции, фондови и програми на ОН.




## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ОН: 75 ДРВЈА ЗА 75 ГОДИНИ НА ОН

На денот на ОН во 2020, претставниците на семејството на агенции на ОН, заедно со премиерот Зоран Заев, други владини претставници, дипломати и претставници од јавното претпријатие Национални шуми, засадија 75 дрва на локација околу езерото во близина на Велес како дел од кампањата ОН75 за одбележување на 75-годишнината на ОН.






Оваа година, одбележувањето на денот вклучуваше активности на отворено согласно протоколите за заштита од КОВИД-19, со цел да се прикаже:



- Потребата да се работи заеднички со цел подобрување на квалитетот на живот за сите граѓани во земјата;

- Потребата секој да придонесува за остварување на ЦОР, независно на обемот на дејствување;

- Важната улога која ја имаат активностите од помал обем за остварување на ЦОР;

- Потребата да се обезбеди одржливост за секоја преземена активност и иницијатива.

Садењето дрва беше организирано во консултации со јавното претпријатие Национални шуми на место кое беше зафатено со шумски пожари во 2019. Одлуката за типот на дрва, времето и условите на садење беше донесена благодарение на нивната експертиза, односно, врз основа на практики кои се неопходни за да се обезбедат најдобри можности за опстанок и раст на садниците.

Во следните години, претставници на ОН ќе ја посетуваат локацијата на Денот на ОН за да проверат како напредуваат садниците. Посетите ќе бидат документирани за да се покаже какво е значењето на пристапот на одржливост и како можеме заеднички да ја обликуваме нашата иднина.

Во 2025, кога ќе заврши имплементацијата на РОРС, ОН ќе ги поканат истите лица кои биле присутни за време на садењето, повторно заеднички да ја посетат локацијата кај езерото во близина на Велес и самите да ги видат плодовите од заедничката активност.

Во текот на седмицата за одбележување на Денот на ОН, беше спроведена и онлајн кампања, со акцент на малите активности кои секој еден може да ги направи, дури и од дома, за да даде директен присонес за постигнувањето на ЦОР во Северна Македонија и за создавање на поправично, почисто и побезбедно општество, во кое никој не е оставен да заостане.

UN Day 2020

# ВО ФОКУС **КОВИД-19 предизвици и можности**

Пандемијата со КОВИД-19 доведе до драматична загуба на човечки животи ширум светот и во Северна Македонија, и претставува досега невиден предизвик како за обезбедувањето основна медицинска грижа, така и за економијата и образованието. КОВИД-19, исто така, во голема мера ја наруши и нашата способност да ја предвидиме и планираме иднината. Колку долго ќе трае пандемијата? Како ќе изгледа светот кога ќе заврши пандемијата? Големиот степен на несигурност го разниша и одговорот кој се дава на КОВИД-19.

**Основната ранливост во преден план во кризата со КОВИД-19 во Северна Македонија**

Ранливите групи во Северна Македонија од самиот почетокот на пандемијата со КОВИД-19 се во диспропорционален ризик да бидат изложени на негативни здравствени и социо-економски влијанија. Кај поединците кои се социјално обесправени може да се развиваат повеќе сериозни здравствени состојби на помлада возраст споредено со поединците од другите групи. Помала е веројатноста тие да побараат лекување и грижа поради социјалната исклученост или страв од за нив катастрофалните давачки од сопствениот џеб: 5.5% од луѓето во Северна Македонија се изјасниле дека не им била задоволена потребата од медицински преглед во 2018, коешто е повисока стапка од просекот во Европската унија (3.6%). На почетокот на епидемијата, според проценките, незаразните болести биле застапени со 95% кај смртните случаи. [1] Стареењето, високата преваленца на незаразни болести и придружните ризик фактори како што се гојазност, користење тутун, и нездрава исхрана придонесуваат за компликациите од КОВИД-19. Во 2018, 41% од населението во Северна Македонија (854,000 луѓе) живееле во ризик од сиромаштија или се соочувале со социјална исклученост, коешто претставува значително повисока стапка од ЕУ (21.8%)[2]. Со оглед на ваквата заднина на здравствени и социоекономски диспаритети, во Северна Македонија постои значителен потенцијал за социоекономско и здравствено нарушување како резултат на пандемијата. Доколку епидемијата трае подолго време, социјалната заштита и губењето на пристап до квалитетна здравствена заштита и продуктивни средства ќе стане големо оптоварување за земјата.

**Перцепцијата и однесувањето на луѓето се важни: Како може да се користи комуникацијата за да се запре ширењето на КОВИД-19**

Секојдневно дознаваме за начините на кои луѓето можат да направат разлика за време на пандемијата, преку одржување социјална дистанца, изолација, користење маска и карантин во различен контекст. Тоа укажува на клучната потреба за подготвеност, планирање, и градење на капацитетите за комуникација поврзана со ризик и учество на заедницата, поткрепено со релевантни и доследни пораки за темата.

КОВИД-19 нема да биде последната јавно-здравствена криза со која ќе се соочиме. Неопходно е да утврдиме начини за поразлична комуникација и вклучување на локалните лидери, особено од заедниците кои се најпогодени, за да се подготват интервенции кои даваат резултат од клучните јавно-здравствени одлуки. СЗО во Северна Македонија и партнерите подготвија и спроведоа две рунди на истражувања за да се добие увид во однесувањето за да може да се стекне разбрање и да се насочат пораките кои се даваат во врска со КОВИД-19. Целта е да се постигне позитивна општествена промена во однесувањето, учеството на заедницата, заштитата на високоризичното население, и во поставувањето приоритети за програмите и намалувањето на отпорот кај граѓаните за јавно-здравствените иницијативи.

Нашето однесување е најмоќниот лек додека не се обезбеди вакцина. Нашиот одговор на вирусот не значеше и потреба од потполно ново однесување. Активностите како штос е миењето раце или одржувањето растојание од лице заразено со вирусот се веќе добро утврдени. Меѓутоа, предизвик е да се убедат луѓето дека вирусот е опасен. Постојат и многу емоции поврзани со КОВИД-19 и вирусот подеднакво и правично не ги зафаќа можностите. Сите не располагаат со ист пристап до информации, ресурси и поддршка. На пример, враќањето на работа е избор за некои, но, не и за други.

**Информации за увидите, ризиците и податоците во Северна Македонија**

Северна Македонија ја усвои анкетната алатка која ја обезбеди СЗО/Европа во контекст на состојбата со КОВИД-19 во земјата и моментално се спроведува сериска, интерсекциска студија за да се оцени перцепцијата и однесувањето кај јавноста за ризикот поврзан со пандемијата со КОВИД-19. Накоро ќе бидат целосно објавени резултатите и анализата од студијата за увид во однесувањето, која беше спроведена во втората седмица од септември 2020, но, прелиминарните резултати се веќе достапни. Најголема загриженост постои кај луѓето во врска со влијанијата на епидемијата врз економијата, но, исто така луѓето се најзагрижени да не загубат некое свое блиско лице. Националниот одговор на КОВИД-19 треба да биде иновативен и мерките за заштита да им се пренесуваат на луѓето на начин кој тие ќе бидат важни за нив. Дел од етничките групи сметаат дека пандемијата е поризична и имаат поголем страв, но, сепак не се согласуваат со рестриктивните мерки. Исто така, кај нив има помал степен на доверба во локалните власти. Неопходно е да се запрашаме зошто е тоа така и како може тоа да се надмине. Тие варијации во заедницата ќе биде важно да се разгледаат и притоа да се обезбедуваат дополнителни, прилагодени интервенции со кои ќе се одговори на тие специфични услови и верувања. Тоа не само што ќе поттикне однесување кое е поблизу до препораките во врска со пандемијата, туку може да помогне тие да почувствуваат дека се ценети, коешто за возврат ќе ја зголеми нивната доверба и ќе придонесе за влијанијата од заедничкиот одговор на кризата на ниво на заедница.




ИЗВОР: https://www.osce.org/files/f/documents/2/c/439679.pdf

[1] Светска здравствена организација. 2019. Организација, резултати и квалитет на примарната здравствена заштита во Северна Македонија. Достапно на: https://www.euro.who.int/__data/assets/pdf_file/0009/403020/MKD-PHC-report-160519.pdf. Пристапено на 20 јуни 2020.

[2] Еуростат. Луѓе во ризик од сиромаштија или социјална исклученост по возраст и пол. 2018. Достапно на: https://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/submitViewTableAction.do

UN75
2020 AND BEYOND
SHAPING OUR FUTURE TOGETHER

The United Nations is marking its 75th anniversary at a time of great challenge, the worst global health crisis in its history. Through the largest global discussion, we aim to define global priorities and the way forward. HAVE YOUR SAY AND JOIN THE CONVERSATION. TAKE THE SURVEY!

MACEDONIAN ALBANIAN ROMANI ENGLISH

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rco-northmacedonia@un.org.

Produced by the UN Resident Coordinator's Office in North Macedonia | 3 November 2020.

www.un.mk